| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Со три бои будно стои |
| **Содржина на денот** | Семафор |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето (физичко растојание, често миење на раце итн). |
| **Активности** | Со помош на слика или сликовница запознајте го детето со улогата и значењето на семафорот. Може да направите и кратка прошетка до најблискиот семафор во Вашата околина. Набљудувајте го и запознајте го со значењето на боите од неговите светла. Заради возраста на детето задржете го вниманието на црвеното и зеленото светло и објаснете му го нивното значење.<br><br>Потоа дома играјте ја играта „Семафор“ .<br><br>За оваа игра се потребни макета со фигури на пешак, автомобил и коцки со црвена, жолта и зелена боја на растојание од 1 см. Родителот е сообраќаен полицаец, а детето е пешак. Сообракајниот полицаец го менува семафорот со фрлање на коцка и го проверува правилното движење на пешакот, односно детето. |